МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА
## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

### Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 30 ноември 2018 г.

11

4 — Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР

3 — Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР

2 — Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР

5 — Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР

4 — Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР

**Табела.** Преглед на објавени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 3 | 2 | 66,67% |
| МЗ | 1 | 1 | 100% |
| МТВ | 1 | 1 | 100% |
| МП | 1 | 0 | 0% |
| МОН | 1 | 1 | 100% |
| МТСП | 1 | 1 | 100% |
| МЗШВ | 1 | 0 | 0% |
| МЕ | 1 | 0 | 0% |
| МК | 1 | 1 | 100% |
| **ВКУПНО** | 11 | 7 | 63,64% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Програмата Огледало на Владата [www.ogledalonavladata.mk](www.ogledalonavladata.mk)*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 37**

**кај 4 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**4 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР ([www.ener.gov.mk](www.ener.gov.mk)) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на ноември биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 36/08*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула. Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и од записниците достапни на веб-страницата на Владата на Република Македонија.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 30 ноември 2018 г., на седница на Владата беа утврдени 17 предлог-закони од кои за 6 предлог-закони нема обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи на пратеници или пак предлог на Законот за извршување на Буџетот на РМ , а од останатите 11 закони за кои постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР 7 беа ставени а 4 предлог-закони не се ставени воопшто на ЕНЕР за консултации со јавноста. Од предлог-законите кои што се објавени на ЕНЕР, рокот за консултации од 20 дена не е испочитуван кај 3 предлог-закони. Дополнително, од предлог-законите ставени на ЕНЕР кај пет предлог-закони не е сменет статусот на ЕНЕР во "Затворен".

Минималниот рок за консултации на ЕНЕР беше запазен кај четири предлог-закони утврдени на седница на Влада во текот на ноември 2018 г. и тоа: Предлог-закон за спречување на корупцијата и судирите на интереси предложен од **Министерството за правда**, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за возила, предложен од **Министерството за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, предложен од **Министерството за финансии,** Предлог-закон за фитофармација, предложен од **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.**

Минималниот рок за консултации на ЕНЕР не беше запазен кај три предлог-закони утврдени на седница на Влада во текот на ноември 2018 г. и тоа: Предлог-законот за дополнување на Законот за ученичкиот стандард предложен од **Министерството за образование и наука,** Предлог-закон за данокот за личен доход, по скратена постапка и Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, предложени од **Министерството за финансии**.

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, предложен од **Министерството за здравство,** Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, предложен од **Министерството за култура,** Предлог - закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка предложен од **Министерството за труд и социјална политика,** Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка, предложен од **Министерството за транспорт и врски.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

Предлог- закон за данокот на личен доход

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk

## Предлог- Закон за данокот на личен доход

Целта на предлог-законот за данокот на личен доход е да овозможи поправеден систем на оданочување на доходот на граѓаните, намалување на социјалната нееднаквост, зголемување на буџетските приходи, како и надминување на одредени слабости утврдени во актуелниот Закон за персоналниот данок на доход, согласно предлагачот на законот, Министерството за финансии. Со новиот предлог-закон за данокот на личен доход, престанува да важи актуелниот Законот за персоналниот данок од доход

Предлог-законот ги предвидува следните решенија:

- уредување на одделни видови на доход кои подлежат на оданочување на данокот на личен доход. Конкретно, данок на личен доход се плаќа на следниве видови на доход остварени во земјата и во странство: доход од работа; доход од самостојна дејност; доход од авторски и сродни права; доход од продажба на сопствени земјоделски производи; доход од права од индустриска сопственост; доход од закуп и подзакуп; доход од капитал; капитални добивки; добивки од игри на среќа; доход од осигурување и друг доход. Данокот на личен доход се плаќа годишно на збирот на доходот од сите изводи, освен на доходот што е изземен од оданочувањето согласно со овој Предлог-закон. При тоа на оданочување подлежат сите претходно наведени видови на доход коишто се остварени во пари, хартии од вредност, во натура или во некој друг вид. Даночниот период за кој се утврдува данокот на доход е календарска година, при тоа за одделните видови на доход во текот на годината се пресметува аконтација на данокот на доход. Примањата за кои не се плаќа данок на доход се таксативно наброени во член 12 од Предлог-законот и според став 41 од истиот член, ослободени од данок на личен доход се надоместоците на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани со времетраење не повеќе од 5 дена, организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци.

- воведување на прогресивно оданочување на доходот од работа (плати, пензии, договори на дело), доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, односно воведување на стапка од 18% која се пресметува и плаќа на даночната основа која надминува 1.080.000 денари на годишно ниво, односно 90.000 денари месечно. За даночната основа до 90.000 денари месечно, односно 1.080.000 денари годишно, останува примената на даночна стапка од 10%.

– оданочување на доходот од закуп и подзакуп, дивиденди, капитални добивки, добивки од игри на среќа и другиот доход со единствена стапка од 15%

– оданочување на капиталните добивки од хартии од вредност и на каматите од депозити (на делот од каматите кој надминува 250 евра годишно) со стапка од 15%, почнувајќи од 2020 година

– зголемување на износот на даночното намалување кај платите и пензиите – намалување на нормираните трошоци кои се земаат во предвид при утврдување на даночната основа за одделните видови на доходи, односно приближување на нивната висина до висината на овие трошоци во земјите од регионот.

Во делот од предлог-законот насловен Даночна пријава е уредено дека органот за јавни приходи изготвува пополнета годишна даночна пријава за даночниот обврзник, за доходот што го остварил во годината за која што се утврдува данокот и истата му ја доставува најдоцна до 30 април наредната година. Од друга страна, обврзникот на данокот на доход е должен пополнетата годишна даночна пријава да ја потврди или корегира најдоцна до 31 мај.

Законот ќе почне да се применува од 1 јануари 2019 година освен одредбите кои се однесуваат на оданочување на капиталните добивки од хартии од вредност и на каматите од депозитите кои своја примена ќе имаат од 2020 година. Законот е изгласан на седница на Влада на РМ на 20.11.2018 година со предлог истиот да се донесе во скратена постапка.